РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.НС.024.03

# НАСОКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ЧЕТИРИЦИКЛИ – ATV МОТОРНИ ВОЗИЛА (ЗА СИТЕ ТЕРЕНИ) СОГЛАСНО ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Март 2022

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 13.11.2015 | Прво издание | / | / |
| 02 | 21.05.2020 | Второ издание | Изменето | Вовед, Точки 6, 7 и 11 |
| 03 | | Трето издание | Изменето<br>Нови<br>Изменета нумерација | Вовед, Точка 6<br>IV. Примери<br>Точки 8 и 9<br>Образец<br>Од точка 8 до 14 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 151/17, 120/18 и 248/18 и „Сл.весник на РСМ" број 122/21), директорот на Царинската управа донесе

# НАСОКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ЧЕТИРИЦИКЛИ – ATV МОТОРНИ ВОЗИЛА (ЗА СИТЕ ТЕРЕНИ) СОГЛАСНО ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

## I. Општи одредби

1. Цел на оваа насока е појаснување на начинот на распоредување на четирицикли - моторни возила за сите терени познати уште како ATV (All Terain Vehicle), согласно Законот за царинска тарифа (во понатамошниот текст Царинска тарифа)[1].

2. За распоредување на овој вид моторни возила согласно Царинската тарифа потребно е да се утврди нивната конструкција и технички карактеристики, начинот на работа и нивната намена, за да се разграничи кои возила ќе се распоредат во тарифен број 8701 како „Трактори, освен оние од тарифен број 8709"; во тарифен број 8703 како „Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тарифен број 8702), вклучувајќи моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван", „комби", итн.) и автомобили за трки или во тарифен број 8704 како „Моторни возила за превоз на стоки".

3. Надлежни за постапување по оваа Насока се вработените во царинските испостави при царинарниците и вработените во сите сектори и независни одделенија кои ја користат Царинската тарифа во своето работење.

1 Законот за царинска тарифа со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинска управа

## II. Опис на возилата

4. По својата конструкција и намена ATV возилата се моторни возила кои спаѓаат во категоријата на „off-road" возила, наменети да се возат надвор од патната мрежа. Покрај вообичаената кратенка ATV-All Terain Vehicle или „возила за сите терени" или „теренски возила", често се споменуваат и како Quadrocycles - четирицикли или кратко Quad. Тие претставуваат возила со четири балон тркала со длабока шара, на кои што се седи и се управува како со моторцикл, како поради положбата и обликот на седиштето, така и поради системот за управување, сличен како кај моторциклите, но распределен на предните тркала по т.н. Акерман принцип. Некои се опремени со дополнителна опрема за влечење и/или приклучување на работни алатки, за носење помал товар, влечење на приколки и друга опрема. Според намената, нивото на опременост, моторот и другите параметри генерално во продажба постојат повеќе категории како: Utility ATV, Leisure ATV, Sport ATV или Mini Quad. Четирициклите се разликуваат по нивната намена и се распоредуваат во различни тарифни подброеви, како трактори, патнички возила или како товарни возила, што зависи пред се од карактеристиките на моќноста на моторот на возилото, видот на горивото со помош на кое возилото работи (бензин, дизел гориво или мотор на електричен погон), зафатнината на моторот, бруто-маса на возилото и состојбата на возилото, дали се работи за ново или употребувано возило.

## III. Законски основи за распоредување и примена на Коментарски забелешки на Хармонизиран систем и Коментар на Комбинирана номенклатура

5. Правна основа за распоредување на ATV возилата четирициклите согласно Царинската тарифа се: Основните правила 1 и 6 за примена на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 87, наименуванијата на тарифните броеви 8701, 8703 и 8704 и тарифните подброеви во рамки на истите. За точното утврдување на тарифната ознака за конкретен тип на возило важна улога имаат и Коментарските забелешки на Хармонизиран систем кон тарифните броеви 8701, 8703 и 8704 кои што го опишуваат опфатот на тарифниот број и видот на возилата што се распоредуваат во овие тарифни броеви. Соодветно на номенклатурата на Хармонизиран систем, овие возила можат да се распоредат во следниве тарифни броеви:

- 8701 - Трактори, освен оние од тарифен број 8709,
- 8703 - Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тарифен број 8702), вклучувајќи моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван“, „комби“, итн.) и автомобили за трки и
- 8704 – Моторни возила за превоз на стоки.

6. Заради еднообразна примена на Комбинираната номенклатура на ЕУ во објавените Коментарски забелешки кон истата, за тарифен број 8701 набројани се сите задолжителни карактеристики кои што треба да бидат исполнети, за да може ATV возилата да се распоредат во тарифните подброеви од 8701 91 10 до 8701 95 90, како трактори, земјоделски или шумски, а тоа се:
   - волан со две рачки на кои се поставени контролни уреди за управување на возилото; возилото се управува со погон на предните тркала, автомобилски тип на принцип на Ackerman;
   - кочници на сите тркала;
   - автоматска спојка и менувач со брзина за возење наназад;
   - мотор специјално конструиран за возење по тешки терени, кој може со низок степен на пренос да достави доволно сила до дополнителната опрема;
   - силата на моторот се пренесува до сите тркала со помош на карданско вратило, а не со ланец;
   - гумите на возилото се со длабоки шари, погодни за тешки терени;
   - поседуваат уред за приклучување, спојница од било кој вид, на пример кука за влечење, конструирана така да му овозможи на возилото да влече или турка најмалку два пати од неговата сува тежина;
   - способност за влечење на товарната приколка без сопирачки со маса најмалку два пати поголема од сувата маса на возилото (маса на возилото без течност, патници и товар). Ова може да се утврди од техничката документација, корисничкото упатство, потврда или сертификат од производителот или надлежното национално тело, во кое се наведени точно во килограми капацитетот на влечење на АТВ возилото, како и неговата сува маса (маса на возилото без никакви течности, патници или товар).

Доколку возилата ги исполнуваат сите горенаведени карактеристики и се во согласност со коментарските забелешки на Комбинираната номеклатура за

тарифен подброј 8701 91 10, возилата се распоредуваат како земјоделски или шумски трактори, во спротивно тие се распоредуваат во тарифните подброеви 8701 91 90, 8701 92 90, 8701 93 90, 8701 94 90 и 8701 95 90 во зависност од моќноста на моторот (kw), како други трактори.

Во случаите кога возилата не ги исполнуваат горенаведените карактеристики, т.н. „ATV возила" се распоредуваат во тарифен број 8703. За да се утврди намената на возилото може да послужат и прирачниците за употреба на возилото, издадени од производителот, што се приложени со останатата документацијата за возилото или истите може да се пронајдат на официјалната интернет страна на производителот. Во нив најчесто е дадена намената и опис на возилото дали истото е суштински конструирано за влечење или туркање на друго возило, апарат или товар, или ќе се користи за превоз на луѓе.

Од погоре наведените тарифни подброеви се исклучени и т.н. „Quads" возила кои се распоредуваат во тарифен број 8703 и 9503 (види ХС коментарски објаснувања). Во овие тарифни подброеви, всушност согласно Коментарските забешки на Комбинирана номенклатура, се распоредуваат земјоделски и шумски трактори со најмалку три тркала кои очигледно се наменети, поради нивната конструкција и опрема, за употреба за земјоделски, градинарски и шумски цели. Возилата од овој тип обично може да постигнат максимална брзина од 45 км/ч. Нивните мотори можат да постигнат максимална влечна сила, со употреба на диференцијал. Нивните гуми имаат длабоки шари, исто така погодни за земјоделски, градинарски и шумски цели.

Земјоделските трактори обично се опремени со хидрауличен уред што овозможува приклучување на земјоделска механизација, или други машини или приколки, хидрауличен уред за рачно управување на дополнителната опрема.

Овие тарифни подброеви опфаќаат исто така и специјални видови на трактори со повисока шасија, кои се користат на специјални терени, како лозја, ридови или за носење на опрема. При тоа опремата која што ја носи тракторот останува распоредена во свој тарифен број (8432, 8433 и др.), дури и да е вградена на истиот. Шумските трактори имаат задолжително поставена и кука.

7. Со наведените задолжителни технички карактеристики кои ATV возилата треба да ги исполнат за да може да се распоредат како земјоделски, шумски или други трактори, дадена е комплетна слика за начинот на правилно тарифско распоредување. Од тука може да се направи следната можна класификација на четирициклите по тарифни подброеви, и тоа како:
   - трактори земјоделски или шумски во тарифни подброеви 8701 91 10, 8701 92 10, 8701 93 10, 8701 94 10 и 8701 95 10 во зависност од моќноста на моторот (kw), и други трактори од тарифните подброеви 8701 91 90, 8701 92 90, 8701 93 90, 8701 94 90 и 8701 95 90 во зависност од моќноста на моторот (kw),
   - патнички возила од Тарифен број 8703, распоредени во зависност од типот на моторот, зафатнината и нивната состојба (нови или употребувани),
   - моторни возила за превоз на стоки од тарифен број 8704, распоредени во зависност од типот на моторот, зафатнината и нивната состојба (нови или употребувани) и бруто маса на возилото.

8. За точно утврдување на распоредувањето на ATV возилата во постапка на увозно царинење при проверка на сите карактеристики на предметното возило потребно е да се пополни и 01.30.32.НС.024.03-ОБ.01.03 Листа на критериуми за распоредување на ATV возила (прилог на оваа насока) во која се содржани сите погоренаведени критериуми кои се значајни за распоредувањето на возилото.

   Во пополнетата Листа на критериуми за распоредување на ATV возила треба да се наведе бројот на увозната царинска декларација, марката и типот на возилото и бројот на шасија и истата да се потпише од страна на надлежен царински службеник и надлежен царински службеник контролор.

9. Проверка на податоците за возилото се врши согласно приложената техничка спецификација издадена од надлежна институција (странска или национална) или корисничкото упатство од производителот.

   При проверката особено е важно да се утврдат точно податоците за исполнување на критериумите 7 и 8 од точка 6 на оваа насока и од Листата на критериуми за распоредување на ATV возила, и тоа:

- сува маса на возилото што претставува маса на возилото без течност, патници и товар;
- максимална маса на возилото што претставува сува маса на возилото + маса на течности, патници и товар + маса на товарна приколка без сопирачки и
- технички дозволена влечна маса на товарна приколка без сопирачки.

## IV. Примери

### IV.1 ATV возило распоредено во тарифен број 8701

**Пример 1:**

ATV возило за сите терени на четири тркала со следниве картактеристики:

- клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на свеќички и моќност од приближно 15 kW,
- едно седиште со должина приближно од 600 мм. само за сместување на возачот,
- систем за управување - автомобилски тип врз основа на Ackerman принципот управувач, како кај моторциклите со команди на рачките,
- сопирачки на предните и задните тркала,
- автоматска спојка и брзина за назад,
- мотор приспособен за возење на тешки терени и способен при мали брзини да пренесе доволно сила,
- карданско вратило за пренос на силата на моторот до задните тркала,
- гуми со длабоки шари дизајнирани за употреба надвор од патиштата,
- отвор со опрема за прикачување на различни приклучни уреди,
- сува маса на возило 310 килограми,
- капацитет на влечење на приколка без сопирачки од 1.170 килограми,
- трајно прицврстена полуга погодна за влечење на трупци.

Возилото е конструирано претежно за извршување на работи за шумарство.

### IV.2 ATV возило распоредено во тарифен број 8703

**Пример 1:**

ATV возило со следниве технички карактеристики:

- возило на четири тркала со едно седиште за возачот;
- четири - тактен мотор со погон на бензин со два цилиндри со зафатнина од 650 см3 и номинална снага од 14.4 KW,

- серво волан со две рачки со број на брзини: предна – 2/ ниска и висока ЦВТ и рикверц,
- преносен систем со помош на ланец,
- серво волан со рачки,
- погон и кочници на сите 4 тркала,
- резервоар за гориво капацитет 20,5 литри,
- сува маса на возило 361 килограми,
- технички дозволена влечна маса на товарна приколка без сопирачки 590 килограми.

Пример 2:

ATV возило за сите терени со следниве карактеристики:

- димензии на возилото (должина, ширина и висина) 2.122mm x 1.243mm x 1.267mm,
- со погон на четири тркала,
- со четиритактен бензин мотор со внатрешно согорување и палење со помош на свеќички со зафатнина од 545 см3 и сила на моторот 5,9 KW,
- максимална брзина 40km/h,
- систем за управување автомобилски тип врз основа на Ackerman принципот како кај моторциклите,
- со длабоки шари на гумите,
- пренос на кочење на 4 тркала,
- менувач со брзина за возење наназад,
- силата на моторот се пренесува до сите тркала со помош на карданско вратило,
- поседува уред за приклучување односно кука за влечење
- има едно седиште со должина од 57 cm.
- сува маса на виозило изнесува 446 килограми и
- капацитет на влечење на приколката без сопирачки е 173 килограми.

ВАЖНА НАПОМЕНА: Наведените конкретни типови на четирицикли се дадени само информативно и не треба задолжително да се споредуваат при распоредување на други слични возила. Секое возило се распоредува засебно и исклучиво врз основа на неговите технички караткеристи.

## V. Завршни одредби

10. Надлежен за предлагање на измена и дополнување на оваа Насока е помошник директорот на Сектор за царински систем.

11. Секое постапување спротивно на одредбите на оваа насока ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на оваа Насока да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

12. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии е должен веднаш по потпишувањето на оваа насока, истата да ја направи достапна до на интранет страницата на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

13. Со стапување на сила на оваа насока престанува да важи 01.30.32.НС.24.02 Насоката за распоредување на четирицикли – ATV моторни возила (за сите терени) согласно Царинската тарифа бр. 01-082613/15-0002 од 21.05.2020 година.

14. Оваа Насока влегува во сила со денот на донесувањето.

Директор,
Ivica Кутиров

Бр. 01-082613/15-0003
Скопје, 28.03.2022 година

30 -03- 2022

Запис:
01.30.32.НС.024.03-ОБ.01.03 Листа на критериуми за распоредување на ATV возила

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за царински систем<br>Архива |

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за царински систем<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Царинарница xxx xxxxxx – Царинска испостава xxxxxxxxx

01.30.32.НС.24.03- ОБ.01.03

| | | |
|---|---|---|
| Листа на критериуми за распоредување на ATV возила | | |
| Број на царинска декларација xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx датум: дд.мм.гггг | | |
| Возило модел: марка xxxxx тип xxxxxx број на шасија xxxxxxxx | | |
| 1 | Волан со две рачки на кои се поставени контролни уреди за управување на возилото; возилото се управува со погон на предните тркала, автомобилски тип на принцип на Ackerman | Да ☐ Не ☐ |
| 2 | Кочници на сите тркала | Да ☐ Не ☐ |
| 3 | Автоматска спојка и менувач со брзина за возење наназад | Да ☐ Не ☐ |
| 4 | Мотор специјално конструиран за возење по тешки терени, кој може со низок степен на пренос да достави доволно сила до дополнителната опрема | Да ☐ Не ☐ |
| 5 | Силата на моторот се пренесува до сите тркала со помош на карданско вратило, а не со ланец | Да ☐ Не ☐ |
| 6 | Гумите на возилото се со длабоки шари, погодни за тешки терени | Да ☐ Не ☐ |
| 7 | Поседува уред за приклучување, спојница од било кој вид, на пример кука за влечење, конструирана така да му овозможи на возилото да влече или турка најмалку два пати од неговата сува тежина | Да ☐ Не ☐ |
| 8 | Способност за влечење на товарната приколка без сопирачки со маса најмалку два пати поголема од сувата маса на возилото (маса на возилото без течност, патници и товар) | Да ☐ Не ☐ |

Согласни:

Царински службеник - име и презиме - потпис - факсимил
Царински службеник - контролор - име и презиме - потпис - факсимил